# С У Г С Гимназија „Панче Арсовски„ Скопје

## Кодекс за однесување на вработени

прилагоден на Планот и Протоколот за настава со физичко присуство

- Наставниот процес во училиштето се реализира во период од 07:00 часот до 20:00 часот.

- Вработените при влезот задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.

- На сите вработени при влезот во училиштето им се мери телесна температура и во случај на зголемена температура (над 37.4°) вработениот, односно ученикот се упатува кај матичен лекар.

- Влегување во училиштето е дозволено само со задолжително користење на заштитни маски/покривка на лицето за сите вработени и ученици во училиштето.

- Сите вработени задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар.

- Се забрануваат сите видови физички контакти за поздравувања меѓу вработените во училиштето.

- Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 од редот на вработените или некој од нив имал контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето треба да се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а директорот треба да воспостави комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.